Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 27.11.2020

На 26.11.2020 околу 20.45 часот, во непосредна близина на наплатната станица Желино, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.Ј.(43) и Ф.И.(33), двајцата од с.Слатино,тетовско, и при нивен и преглед на возилото „фолксфаген голф" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, пронајден е кокаин. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 27.11.2020 околу 01.30 часот, на регионалниот пат Тетово-Скопје, во Групчин, полициски службеници на СВР Тетово го привеле С.С.(21) од с.Копачиндол, тетовско, затоа што при негов и преглед на возилото „фолксфаген голф" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, бил пронајден нож. По целосното документирање на случајот против него ќе следува поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 26.11.2020 во 18,00 часот полициски службеници од ПС-Тетово го приведоа М.Х. (38) од Тетово, кој со потерница се барал од Основен суд Тетово за издржување затворска казна во времетраење од две години, а во врска со чл.141 ст.2 вв со ст.1 од КЗ на РСМ. Лицето е спроведено во КПУ-Затвор Идризово.

На 26.11.2020 во 09,20 часот во СВР Скопје, С.Б. пријавил дека на ул.„Босна и Херцеговина" во круг на фирма во Скопје патничко моторно возило „нисан" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.Ч.(35) од с.Побожје, удрило во пешак С.С.(63) од Скопје, која со возило на итна медицинска помош е пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде и се констатирани тешки телесни повреди, по што подоцна подлегнала на повредите. За настанот е известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 26.11.2020 во 17.50 часот на крстосница од сервисна улица која ја поврзува обиколница на град Скопје со локален пат село Стајковци - село Раштак се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "голф" со скопски регистарски ознаки управувано од А.М.(54) од Скопје и патничко моторно возило "хјундаи" со скопски регистарски ознаки управувано од С.Е.(36) од Скопје. По незгодата С.Е. и сопатникот од возилото "хјундаи", И.И.(40) биле пренесени во Градска општа болница "Св.Наум Охридски" каде на С.Е. му биле констатирани повреди а на И.И. и биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

На 26.11.2020 во 11.30 часот во Полициска станица Центар, Н.А.(57) од Скопје пријавил дека на ул."Кеј 13ти Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 26.11.2020 во 20.15 часот во Полициска станица Чаир, И.Ќ.(59) од Скопје пријавил дека на ул."Босна и Херцеговина" бил каснат од куче скитник.

На 26.11.2020 околу 20.45 часот, во непосредна близина на наплатната станица Желино, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.Ј.(43) и Ф.И.(33), двајцата од с.Слатино,тетовско, и при нивен и преглед на возилото „фолксфаген голф" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, пронајден е кокаин. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 27.11.2020 околу 01.30 часот, на регионалниот пат Тетово-Скопје, во Групчин, полициски службеници на СВР Тетово го привеле С.С.(21) од с.Копачиндол, тетовско, затоа што при негов и преглед на возилото „фолксфаген голф" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, бил пронајден нож. По целосното документирање на случајот против него ќе следува поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 26.11.2020 во 18,00 часот полициски службеници од ПС-Тетово го приведоа М.Х. (38) од Тетово, кој со потерница се барал од Основен суд Тетово за издржување затворска казна во времетраење од две години, а во врска со чл.141 ст.2 вв со ст.1 од КЗ на РСМ. Лицето е спроведено во КПУ-Затвор Идризово.

На 26.11.2020 во 09,20 часот во СВР Скопје, С.Б. пријавил дека на ул.„Босна и Херцеговина" во круг на фирма во Скопје патничко моторно возило „нисан" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.Ч.(35) од с.Побожје, удрило во пешак С.С.(63) од Скопје, која со возило на итна медицинска помош е пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде и се констатирани тешки телесни повреди, по што подоцна подлегнала на повредите. За настанот е известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 26.11.2020 во 17.50 часот на крстосница од сервисна улица која ја поврзува обиколница на град Скопје со локален пат село Стајковци - село Раштак се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "голф" со скопски регистарски ознаки управувано од А.М.(54) од Скопје и патничко моторно возило "хјундаи" со скопски регистарски ознаки управувано од С.Е.(36) од Скопје. По незгодата С.Е. и сопатникот од возилото "хјундаи", И.И.(40) биле пренесени во Градска општа болница "Св.Наум Охридски" каде на С.Е. му биле констатирани повреди а на И.И. и биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

На 26.11.2020 во 11.30 часот во Полициска станица Центар, Н.А.(57) од Скопје пријавил дека на ул."Кеј 13ти Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 26.11.2020 во 20.15 часот во Полициска станица Чаир, И.Ќ.(59) од Скопје пријавил дека на ул."Босна и Херцеговина" бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид, поднесе кривична пријава против З.К.(50) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „бесправно градење". Пријавениот во текот на оваа година, на катарстарска парцела во охридската населба Велестово, изградил објект за кој, немал одобрение издадено од надлежен орган. На местото, инспекциски надзор извршил општински овластен градежен инспектор, по што, било донесено решение за отстранување на градбата.

На 26.11.2020 во 20.30 часот на подрачјето на СВР Куманово од слобода е лишен Ж.Б.(20) бидејќи кај истиот е пронајдено екстази. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.11.2020 во 14.20 часот во Полициската станица Кочани, било пријавено дека на место викано „Горица" атар на с.Жиганци при изведување градежни работи на пат, била пронајдена граната од Правта светска војна и била подигната од Дирекцијата за заштита и спасување Кочани.

На 26.11.2020 во 15.40 часот во Полициска станица Чаир, А.Ј.(47) од Скопје пријавила дека на ул."Марко Крале" била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.К.(25) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 24.04.2020 при контрола и извршен преглед, на улицата „Марко Несторски" во Охрид, полициските службеници кај него пронашле и одзеле хероин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Р.Ј.(50) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и Т.Р.(37) од с.Горно Татеши,струшко поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање на кредит или друга погодност". Првопријавениот вработен во фирма од Охрид, обезбедил лажна јавна исправа-купопродажен договор за патничко моторно возило „мерцедес" за сопственост на име К.Х., искористувајќи го неговиот статус на повратник и истата ја употребил за отварање постапка за идентификација во Бирото за метрологија–Скопје. Второпријавениот покрај што знаел дека возилото не може да го регистрира, го ангажирал првопријавениот да му ја обезбеди целокупната документација се до регистрација, а потоа истата ја употребил во ОУР-Струга и го регистрирал предметното возило.

Регионален центар за гранични работи „Југ" поднесе кривична пријава против Т.Л.(45) од Демир Капија, М.М.(44) од Штип и Г.И.(31) од Штип поради постоење основано сомение дека сториле кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи казниво по чл.396 ст.1 од Кривичниот законик. На 10.09.2020 од полициски службеници од Полициска станица Михајлово при вршење на мотопатролна дејност во реонот на С.Дрен, Демир Капија на место викано„Брана-с.Дрен" околу 01.00 часот било запрено патничко моторно возило„нисан патфандер" со штипски регистарски ознаки управувано од М.М. во кој сопатници биле Г.И. и Т.Л. при што по извршениот преглед во возилото биле пронајдени една ловечка пушка со пет патрони за кои не поседувале дозвола, две подводни пушки, три парчиња експлозив и три електрични капсили, одело за нуркање и други предмети.

СВР Струмица поднесе четири кривични пријави против Т.А. (51) од с.Борисово - Ново Село, Љ.С. (80) од с.Смолари – Ново Село, Б.В. (60) од Струмица и К.И. (39) од с.Пиперево – Василево, поради постоење основано сомнение за сторени четири кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Во период од 27.09. до 26.10.2020, од страна на полициски службеници, била извршена контрола во домовите на пријавените, но истите не биле затекнати во домовите, со што не постапиле според прописите и издадените решенија за домашна изолација издадени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

На 26.11.2020 околу 18,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на општина Центар во Скопје, од три лица бил физички нападнат С.П.(32) од Скопје и му биле одземени пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет